Друштво за внатрешен и надворешен промет
АУТОМАКЕДОНИЈА АД
Бр. 02-1474/12
25-04-2024 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384. од Законот за трговските друштва и член 36. од Статутот на друштвото Аутомакедонија АД Скопје

**С В И К У В А**
**ДВАЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА "АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ ЗА ДЕН 27.05.2024 г. СО ПОЧЕТОК ВО 11.00 ЧАСОТ**

Собранието ќе се одржи во салата на деловниот објект на Аутомакедонија АД Скопје, кој се наоѓа на улица 16-та "Македонска бригада" бр. 2, нас. Автокоманда, Скопје.

За седницата се предлага следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**I. Процедурален дел**

1. Избор на претседавач на Собранието и бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

1. **Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје.**
2. **Извештај за извршена ревизија за Годишна сметка и финансиски извештаи за Аутомакедонија АД Скопје за 2023 година, поединечен и консолидиран**
   - Одлука за усвојување на Извештајот од ревизорите за годишната сметка и финансиските извештаи на Аутомакедонија АД за 2023 година, поединечен и консолидиран
3. **Годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2023 година**
   - Поединечна годишна сметка и финансиски извештаи
   - Одлука за усвојување на годишна сметка на Аутомакедонија АД
4. **Консолидирана годишна сметка за Аутомакедонија АД Скопје за 2023 година**
   - Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи
   - Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка на Аутомакедонија АД
5. **Одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година**
6. **Годишен извештај за работењето на Аутомакедонија АД за 2023 година**
   - Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за Аутомакедонија АД за 2023 година
7. **Одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023 година**
   - Извештај за работењето на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023
   - Извештај за работењето на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023
   - Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023 г
   - Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на Аутомакедонија АД за 2023 г
8. **Годишен извештај за работата на Внатрешната Ревизија за 2023 година и План за 2024 година**
   - Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Внатрешната Ревизија за 2023 година и План за 2024 година

9. **Одлука за именување на ревизор на Годишната сметка и Консолидирана Годишна сметка и финансиски извештаи за 2024 година**
10. **Одлука за одобрување на продажба на сопствени акции**
11. **Одлука за голема зделка**

**Прилог: Материјал по дневниот ред**

Вкупниот број на акции на денот на објавата во Аутомакедонија АД Скопје е 77.549 акции со право на глас и тоа една акција еден глас.

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на Собранието на Друштвото должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавите се доставуваат до Друштвото на ул. 16-та Македонска бригада број 2, нас. Автокоманда, Скопје или на емаил адреса automak@automakedonija.com.mk.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како полномошник на седницата на Собранието на Друштвото што ќе учествува и гласа на седницата на Собранието во негово име.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното. Образецот на полномошното е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва (Сл.весник на РМ бр.248/2018) полномошникот задолжително треба да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномошното/ата од повеќе акционери во рок од 5 (пет) работни дена пред одржување на Собранието на акционери.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставени во писмена форма (до Управниот одбор) со приложено образложение за предложената точка , како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред, а сето тоа во рок од 8 дена од денот на објавување на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата Собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања за седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница, согласно закон.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден во седиштето на друштвото од 12:00-15:00 часот и на официјалната интернет страница на Друштвото www.automakedonija.com.mk.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД • Скопје •